Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто и четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20.10.2021 година

Скопје, октомври 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто и четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20.10.2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 10:10 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана .

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министер за образование и наука и Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата по повод одбележувањето на државниот празник 23 Октомври - „Ден на македонската револуционерна борба“ ги донесе следните заклучоци:

1. Делегација во состав:
- Роберт Алаѓозовски, национален координатор за интеркултурализам, едно општество, развој на културата и меѓуресорска соработка и
- Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи, да присуствува на положување на цвеќе на споменикот на Гоце Делчев.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи да обезбеди свежо цвеќе за делегациите според спецификација обезбедена од протоколот и цветно уредување на споменикот на Гоце Делчев во Градски парк. Воедно да обезбеди и средства за дезинфекција, маски, маса, јажиња со столбчиња на локацијата.

3. Се задолжува Министерството за одбрана-Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да ангажира гардисти и фанфаристи и да обезбеди опрема за положување на свежо цвеќе (тепих, сталаци, држачи, македонски знамиња) за двете локации.

4. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија преку Службата за протокол на Владата на Република Северна Македонија да го покани државниот врв и дипломатскиот кор, да ги потврди поканетите гости, да подготви пресеанс листа, да ја извести владината делегација за деталите за положувањето цвеќе и да го координира положувањето свежо цвеќе.

5. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите потребни активности за да обезбеди непречено одбележување на празникот.

6. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија преку Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија да го организира медиумскиот дел од настанот, да покани медиуми, да организира изјави за медиуми.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 10:15 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**